Мисија на Христоделфијаните за Библијата

**Д О П И С Е Н   К У Р С**

Лекција 7

## ГРЕВ И СПАСЕНИЕ

### Нашиот удел во Царството од Бог

Научивме дека Царството од Бог за кое Исус проповедал ќе биде вистинско царство на оваа земја, кое ќе почне кога тој ќе се врати да владее како цар. Видовме дека оваа Христијанска надеж е цврсто заснована на делувањето на Бог врз Еврејскиот народ - дека е тоа всушност "надежта на Израел". Царството кое што треба да дојде ќе значи отстранување на сите влади кои постојат и почеток на златното време, кога мир и изобилие ќе има на претек. Но, штоќе значи сето ова за нас лично? Што мора да направиме за да бидеме сигурни дека и ние ќе учествуваме во овие големи случувања?

Пред сé ние мора прво да научиме за покајанието и простувањето. Кога Исус за прв пат почнал да проповеда за Царството од Бог тој заповедал дека луѓето треба да се покајат.

*"Времето е дојдено . . . царството од Бог е блиску. Покајте се и поверувајте во добрата вест!"* (Марко 1:15).

Кога апостолите почнале да проповедаат во Ерусалим дека Исус се кренал од мртвите, луѓето им рекле, "Браќа, што треба да направиме?" Петар одговорил, "**Покајте се,** бидете крстени, секој еден од вас, во името на Исус Христос за вашите гревови да можат да бидат простени." (Делата 2:37,38). Ние мора да се свртиме кон Бог и да се покаеме за нашите гревови. За да се покаеме, ние мора пред сé да си признаеме, и тогаш да ја донесеме одлуката да се одвратиме од гревот и да пробаме да ги почитуваме заповедите на Христос.

*"Ако изјавуваме дека сме без грев, се залажуваме самите себе и вистината не е во нас. Ако ги признаеме нашите гревови, тој е верен и праведен за да ни ги прости нашите гревови и нé исчисти нас од сите неправедности."* (1Јован 1:9).

### Природата на гревот

Гревот е непослушност кон било која од заповедите на Бог; но Библијата почесто го користи зборот "грев" со значење на нешто општо отколку за индивидуални "гревови".

"Грев" всушност е вид на слабост која не напаѓа сите нас. Уште од раѓање, ние сакаме да ја спроведуваме нашата соспствена волја, да ги ставиме на прво место нашите потреби. Ова е во спротивност со заповедите на Христос, кој ни кажува дека ние мора на прво место да ги ставиме потребите на другите луѓе.

Во писмото до Римјаните, Апостол Павле ја опишува својата соопствена состојба:

*"Јас знам дека ништо добро не живее во мене, а тоа значи, во мојата грешна природа. Затоа што јас посакував да правам што е добро, но јас не можам да го спроведам тоа. Затоа, тоа што го правам не е доброто кое јас сакам да го правам; но лошото што не сакам да го правам - ете тоа јас продолжувам да го правам."* (Римјаните 7:18,19)

Ова се зборови за чудење; еден од најголемите Христијани кој воопшто жевеел признава дека не може да ги контролира посакувањата на својата човечка природа. И покрај сите негови напори тој продолжува да греши. Тој вака го објаснува неговиот проблем:

*"Кога јас сакам да направам добро, лошото е токму таму со мене, Затоа внатре во мене јас чувствувам големо задоволство во извршувањето на законите од Бог; но јас гледам друг закон кој делува врз членовите на моето тело, кој се наклонува кон војна против законот на мојот ум и ме прави затвореник на законот на гревот кој делува помеѓу моите членови. Колку беден човек сум јас! Кој ќе ме спаси од ова тело на смртта?"*(21-24).

## Природата на луѓето

Јасно е од овие зборови дека не можеме со наши сопствени напори да постанеме чисти во очите на Бог. Само Тој може да нé спаси нас. Природата на луѓето самата посебе не е добра, како што многу луѓе со добри намери мислат. Да се има верба во карактерот на луѓето значи да се отфрлат Записите:

*"Срцето е лажливо кон сите нешта и е неизлечиво. Кој може да го разбере?"* (Еремија 17:9)

*"**Од внатрешноста**, надвор од срцата на луѓето, доаѓаат лошите мисли, сексуалната неморалност, крадењето, убивањето, прељубата, зависат, лошотилокот, лажливоста, насилноста во сексот, лакомоста, озборувањето, арогантноста и глупавоста."* (Марко 7:21,22)

Кога Библијата зборува за нашата природа, го користи изразот "месо". Ова е нашата природна состојба, природа со која ние сме родени. Во верзијата која ние ја користиме за цитирање, Новата Меѓународна Верзија ( на Библија), оригиналниот Грчки збор *sarx* (месо) е преведен како " природа наклонета кон грев" (грешна природа).

*". . .грешните мисли (на грчки: ´мисли од месото´) не му се на Бог мили. Не се потчинуваат на законот од Бог, ниту можат да го спроведуваат. Тие, контролирани од грешната природа не можат да му угодат (да му замилат на Бог."* (Римјаните 8:7,8)

Човечките суштества по природа се себенасочени. Бог сака да нé оттргне од тоа, да бараме добро за другите, и да ги ставиме нивните потреби пред нашите. Христијанин мора да се обидува да го прави тоа, но дури и кога силно се стреми да го постигне тоа, како и Апостолот Павле тој воочува дека не може секогаш комплетно да ја надмине својата тенденција да греши. Само Господ Исус Христос успеал да биде перфектно безгрешен, и покрај тоа што бил искушуван на ист начин како што сме и ние искушувани.

## Искушение

Апостол Јаков ни́ кажува дека **искушението доаѓа од внатре**:

*". . . секој еден е искушуван, **од своите лоши посакувања**, тој е привлечен од нив и убеден. Тогаш, откако посакувањето (желбата) се зачне, се раѓа гревот; и гревот, кога е созреан / извршен, доведува до смрт."* (Јаков 1: 14,15)

Од сите луѓе, само Исус не дозволил гревот да ја преземе контролата над неговото однесување и неговите мисли, и заради тоа Бог го кренал од мртвите и му дал вечен живот.

*". . . тој се покорил себеси и постанал послушен до смрт . . . Заради тоа Бог го воздигнал него до највисокото место .. . "* (Филипјаните 2:8,9)

Уште од времето кога нашиот татко Адам за прв пат погрешил, и заради тоа дело на непослушност, сите луѓе вклучувајќи го дури и Христос , наследиле природа која се стреми кон грев, и тело кое се стреми кон смрт. Бог нé не смета за виновни заради ваквата природа која што ја имаме; но ако ние грешиме и искажуваме непослушност кон Бог, ќе ни̍ биде судено од Него, а имаме потреба да ни̍ биде простено ако сакаме да бидеме спасени од смрта. Со тоа што сме ја слушнале вистината за Исус Христос, ќе ни̍ биде судено на последниот ден, кога "сите нации ќе бидат собрани пред него (Исус), и тој ќе ги издвои луѓето едни од други како што овчарот ги одделува овците од козите" (Матеј 25:32).

## Проштевање

Добрата вест од евангелието е дака Бог сака да ни̍ ги прости гревовите, ако веруваме во Господ Исус Христос. Кога Павле извикнал, "Кој ќе ме спаси од ова тело на смртта?" (Римјаните 7:24), тој додал, "Благодарност на Бог - преку Исус Христос нашиот Господ!" Ние можеме да бидеме спасени преку нашата вера.

*"Затоа што преку благодат сте спасени, преку вера - а тоа не е од вас самите, туку е подарок од Бог."* (Ефесјаните 2:8)

Објаснивме дека покајанието е непоходно. Ако не се покаеме не може да ни̍ биде простено. Има и друг чекор кој мора да го преземеме за да бидеме прифатени од Бог. Веќе го дадовме одговорот на Петар на прашањето, "Браќа, што треба да правиме?" Тој рекол:"Покајте се,**и бидете крстени**, секој еден од вас, во името на Исус Христос, така што вашите гревови можат да бидат простени." (Делата 2:38)

Кога сме баптизирани, се симболизира споделувањето на смртта со Исус. Во нашата наредна лекција ќе имаме повеќе да кажеме за неговата смрт, а подоцна ќе зборуваме за тоа што е баптизмот, и што значи тоа.

## Заклучок

Наследуваме од Адам природа која е неизлечиво грешна, но добрата вест од евангелието е дака Бог ќе ни̍ ги прости нашите гревови ако веруваме во Господ Исус Христос, се покаеме и сме баптизирани. Тогаш сме спремни да земеме удел во Царството од Бог кое доаѓа на земјава.

## Прашања

7.1 Како е опишана човечката природа во Библијата?

7.2 Што мора да направиме за да бидеме спасени од смрт?